# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

2019

**ДЕКЕМВРИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец: **6**

### ОБЛАСТ

| Област | Број |
|---|---|
| работни односи | 1 |
| образование | 1 |
| социјална сигурност | 0 |
| здравство | 0 |
| пристап до добра и услуги | 1 |
| домување | 0 |
| медиуми | 1 |
| избирачки права | 0 |
| друго | 2 |

## Реакции

Реакции овој месец: **9**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| Вид на реакција | Број |
|---|---|
| осуда од функционери | 0 |
| соопштение од здр. на граѓани | 9 |
| протест | 0 |
| мислења на Народен Правобранител | 0 |
| мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 |
| останато | 0 |

### ПРЕВЕНЦИЈА

| Превенција | Број |
|---|---|
| Активности на ДИ | 0 |
| Активности на здрж. на граѓани | 1 |

## Карактеристики на жртвата:

| Карактеристика | % |
|---|---|
| род | 83.3% |
| родов идентитет | 0% |
| пол | 83.3% |
| сексуална ориентација | 0% |
| етничка припадност | 16.6% |
| попреченост | 0% |
| корисници на дроги | 0% |
| друго | 33.3% |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| Облик | Број |
|---|---|
| директна | 4 |
| индиректна | 0 |
| вознемирување | 2 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| Судски постапки | Број |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 1 |
| Позитивни пресуди | 1 |
| Негативни пресуди | 0 |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2019




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД ДЕКЕМВРИ 2019

### СЛУЧАЈ:

Хелсиншкиот комитет за човекови права, преку Платформата за родова еднаквост, реагираше на дискриминаторските содржини присутни во учебникот по социологија за втора година средно образование, актуелен во текот на месец декември со силни негативни критики во јавноста.

Учебниците се основа за образование и еманципација на идните генерации во нашата земја и е недопустливо содржини кои промовираат дискриминација, родова нееднаквост, шовинизам, насилство и кршење на основните човекови права, да бидат присутни и предавани во образованието како прифатливи и нормални појави.

Изминатите години имаше многубројни реакции од јавноста и граѓанскиот сектор во однос на содржините во учебниците, но конкретни преземени чекори од надлежните институции изостануваа. Пласирањето на вакви содржини е противзаконско, доведува до системско промовирање на дискриминација, стереотипизација и нееднаков третман на жените и мажите во нашето општество и директно се коси со постојните закони и стратегии во земјата. Покрај прекршувањето на домашната легислатива, ваквите содржини во учебниците се спротивни и на меѓународните договори и конвенции чиј потписник е нашата земја, меѓу кои и Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените (CEDAW).

Повикувајќи се на антидискриминациските одредби во наведените закони и стратешки документи на државата, како и заложбите и планираните активности во програмата за работа на Владата, Комитетот побара Министерство за образование и наука и надлежните органи да извршат целосна ревизија на учебниците кои се употребуваат во сите фази од образовниот процес. Комитетот побара да се повлечат од употреба сите учебници кои промовираат содржини кои не се во согласност со постојните закони и ратификувани конвенции и содржат штетни содржини и апелираше што поскоро да се формира Комисија за ревизија на сите наставни програми и учебници за основно и средно образование.

### СУДСКА ПРАКСА:

Апелациониот суд Битола во месец декември донесе пресуда[1] со која ја преиначи пресудата на Основен суд Прилеп и утврди дека Општина Прилеп и ЈКП Водовод и канализација Прилеп извршиле дискриминација спрема тужителите поради нивната етничка припадност, со тоа што им оневозможиле пристап до чиста и здрава вода за пиење.

Тужителите се припадници на ромската заедница и живеат на периферијата од градот каде што не им е овозможен пристап до чиста и здрава вода за пиење за разлика од останатите граѓани на Прилеп, од друга етничка припадност, кои живеат во непосредна близина. Тужителите, во постапка поддржана од Македонското здружение на млади правници, побараа судска заштита сметајќи дека правото на еднаков третман со оневозможувањето на пристап до чиста и здрава вода за пиење е повредено како резултат на нивната припадност на ромската етничка заедница која живее во државата. Основниот суд во Прилеп ја одби нивната тужба како неоснована, па поради тоа тужителите ја обжалија таа пресуда пред Апелациониот суд Битола.

Апелациониот суд во Битола ја уважи жалбата и ја преиначи првостепената пресуда во корист на тужителите. Според Судот, тужените, Општина Прилеп и ЈКП Водовод и канализација, не успеале да докажат дека не извршиле дискриминација, па поради тоа ја усвоил тужбата. Со ова Судот непосредно и правилно ја применил законската одредба според која товарот на докажување дали е сторена дискриминација или не е на страната на тужените, по сторувањето на веројатно од страна на тужителите дека е сторена дискриминација. Со ваквата одлука се создава позитивна судска пракса која го олеснува пристапот до правда на жртвите на дискриминација.

При одлучувањето, Судот ги применил одредбата од Уставот, според која водата е издигната на степен добро од општ интерес за државата и Резулуцијата на Генералното собрание на Обединетите нации A/Res/64/292 од 28.07.2010 година со која пристапот до вода, водовод и канализација е признато како човеково право. Судот се повикува и на судската пракса на Европскиот суд за човекови права, каде што е утврдено дека непристојните услови за живот како последица на оневозможен пристап до здрава вода за пиење и одржување на личната хигиена, можат да доведат до ниво на страдање предвидено со членот 3 од Европската конвенција за човековите права и го повредува правото на семеен и приватен живот од членот 8 од Конвенцијата.

[1] Пресуда ГЖ-1671/19 на Апелационен суд Битола од 13.12.2019 година

### РЕСУРСИ:


1. Мисија на ОБСЕ во Скопје „Анализа на прибрани податоци од судски постапки во случаи на семејно и родово базирано насилство, мониторирани во 2019 година“ –

https://www.osce.org/mission-to-skopje/443515

2. Агенција за фундаментални права (ФРА) „Условите во казнените установи во Европската унија“ –

https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2019-criminal-detention-conditions-in-the-eu_en.pdf

3. Европска мрежа против расизмот „Клучни препораки против исламофобија до државите-членки и европските институции, дадени од страна на граѓанските организации“ –

https://www.enar-eu.org/IMG/pdf/coalition_list_of_recommendations_spain_june_2019_final-2.pdf

4. Платформа за родова еднаквост „Реакција во врска со дискриминаторските и сексистички содржини во учебниците за основно и средно образование“ –

https://mhc.org.mk/news/reakcija-na-platforma-za-rodova-ednakvost-vo-vrska-so-diskriminatorskite-i-seksistichki-sodrzhini-vo-uchebnicite-za-osnovno-i-sredno-obrazovanie/

5. Коалиција МАРГИНИ „Управата за матична евиденција продолжува да се изживува со животот на лицето Х, и да го понижува Европскиот суд за човекови права“ –

http://coalition.org.mk/10994-2/

6. Мрежа за заштита од дискриминација „Собранието да избере членови на Комисијата за заштита од дискриминација пред избори“ –

https://mhc.org.mk/news/sobranie-to-da-izbere-chlenovi-na-komisijata-za-zashtita-od-diskriminacija-pred-izbori/

7. Македонско здружение на млади правници „Утврдена дискриминација по основ на етничка припадност извршена со оневозможување пристап до чиста и здрава вода за пиење“ –

http://my-la.org.mk/утврдена-дискриминација-по-основ-на-е/



Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.



ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**